РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 31. 10. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 164 | | |

4836

( Образец ПП......)

**До:** **Општина Битола**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:______________________
[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Копија од договор или меморандум склучен помеѓу Општина Битола и компанизата „Кит-Го Маркет" за изградба, управуваье или користеье на објект во месноста касарната во Битола.

2. Сите официиални документи, одлуки или одобренија поврзани со овој објект, вклучувајки и извештаи од инспекции или контроли.

3. Податоци за правна основа и услови за изградба или експлоатациіа на обектот од страна на компаниіата „Кит-Го Маркет".

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго електронски запис и видео изјава за телевизија Тера_____**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- **д) друго електронски и во директна комуникација со новинар на ТВ Тера** **Дивна Грданова Карацовска**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во Битола, 31.10.2025 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за имот и имотно правни работи

Бр.11-164/2
13.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-164/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистички планови

Бр.11-164/3
13.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-164/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 3 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

примил
13.11.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 14. 11. 2025
Орг.Един: 11 Број: 16414 Прилог: Вредност:

ОПШТИНА БИТОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТ И ИМОТНО - ПРАВНИ РАБОТИ

**13.11.2025 год.**

**До : Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ : ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Во врска со вашето барање бр.11-164/2 од 13.11.2025 год., Ве известуваме дека компанијата „КИТ-ГО" ДООЕЛ Штип е закупопримач во објект бр.49 која се наоѓа на КП бр.17595/1 КО Битола 1/2. За правното лице „КИТ-ГО" ДООЕЛ Штип е склучен договор за закуп во 2024 год., врз основа на Објава бр.5/2023 од 29.12.2023 год., која се спроведе преку ЕЈН (Електронско јавно наддавање), врз основа на Одлука бр.09-160/49 од 21.12.2023 година, донесена од страна на Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.17/23).

Во прилог :

- Одлука бр.09-160/49 од 21.12.2023 год.
- Објава бр.5/2023 од 29.12.2023 год.

Со почит,

**РАКОВОДИТЕЛ**
**Горан Ѓоревски**

Републикa Северна Македонија – Општина Битола

Изготвил
Горан Буревски

Булевар „1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Комисијата за спроведување на постапка за давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Битола, врз основа на член 4, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 37, 38, 39, и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15,190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Одлука бр.09-160/49 од 21.12.2023 година донесена од страна на Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.17/23), согласно табеларниот преглед:

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**ОБЈАВА бр.05/2023**
**за давање на недвижни ствари во закуп со електронско јавно наддавање**
**(петта објава)**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е давање во закуп на недвижна ствар-објект бр.49 која се наоѓа на м.в.Хераклеа, катастарска парцела КП бр. 17595/1 КО Битола 1/2, сопственост на Општина Битола (Имотен лист 92301, КО Битола 1/2) и давање во закуп на недвижна ствар која се наоѓа на ул.”К.Дандаро”бр.22, катастарска парцела КП бр. 7347 КО Битола 4 , сопственост на Општина Битола (Имотен лист 96260, КО Битола 4) согласно Извештаите за извршена процена на пазарната вредност на недвижен имот кој е предмет на јавното наддавање од овластен проценител.

## 2.ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНИТЕ СТВАРИ-ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ КОИ СЕ ДАВААТ ВО ЗАКУП

Предмет на електронското јавно наддавање во закуп се следните недвижни ствари:

| Ред. број | Адреса на објектот | КО КП број | Површина на просторија м[2] | Вкупна вредност на објектот во денари[1] | Почетна месечна закупнина во денари[2] | Банкарска гаранција во износ од 2% од вредноста на недвижата ствар | Час/ почеток | Период на закуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | м.в.Хераклеа објект бр.49 | КП бр.17595/1 КО Битола 1/2 ИЛ бр.92301 | 2.608,00м² | 32.677.164,00 денари | 163.386,00 денари | 653.544,00 денари | 09:00 | 10 години |
| 2. | ул.”К.Дандаро” бр.22 | КП бр.7347 КО Битола 4 ИЛ бр.96260 | 170,00м² | 3.094.850,00 денари | 15.474,00 денари | 61.896,00 денари | 09:30 | 10 години |

Увид во урбанистичко планската документација, увид на лице место и увид во сликовен приказ може да се изврши во административните просториии на Општина Битола, во канцеларија број 12, секој работен ден (од понеделник до петок) од 07:30 часот до 15:30 часот.
**Недвижните ствари кои се предмет на оваа објава се издаваат во закуп за период од 10 (десет) години.**
**Обврска на идните закупопримачи е да ги реновираат предметните објекти.**

## 3.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на недвижни ствари во земјата согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.
Заинтересираните лица можат да учествуваат за закуп на еден или повеќе објекти, со поднесување на Пријава за учество поединечно за секој објект.

## 4.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Пријава за учество на јавното наддавање.
Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски преку информацискиот систем за јавно наддавање www.e-stvari.mk и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање и тоа:

4.1. Доказ за идентитет:

- Важечка лична карта или патна исправа *(за физички лица);*
- Документи-тековна состојба од централниот регистар не постар од 6 месеци од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавите

за учество *(за домашни правни лица);*

- Документ за регистрација на правното лице од соодветен регистар во државата од која доаѓа не постар од 6 месеци од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавите за учество *(само за странски правни лица).*

4.2. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапка на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.
4.3. Изјава за прифаќање на условите што се дадени во објавата. **(заверена кај нотар)**
4.4. Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот **(заверена кај нотар).**
4.5. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар за која се поднесува пријава за учество на јавното наддавање. Покрај електронски пат во оригинална скенирана верзија, банкарската гаранција за сериозност на понудата треба задолжително да ја достави и во писмена форма во оригинал препорачано по пошта или лично во архивата на Општина Битола на адреса: Општина Битола, бул."1-ви Мај" бр.61, 7000 Битола, со ознака: До Комисија за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Битола, во рокот определен за поднесување на пријава. Работното време на архивата на Општина Битола е секој работен ден (од понеделник до петок) од 07:30 часот до 15:30 часот.
Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена оригинална форма и во рокот определен за поднесување на пријава на наведената адреса ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена, односно понудувачот нема да учествува на електронското јавно наддавање.
За да може да поднесе пријава за учество заедно со бараните документи утврдени со објавата, секое физичко и правно лице треба претходно да регистрира свој профил на страната www.e-stvari.мк.
Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и електронски јавни наддавања спроведени преку системот www.e-stvari.mk, за него важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, заради негово учество во претходните постапки.
Пријавата за учество со бараните докази за исполнување на условите од објавата се поднесуваат електронски преку системот www.e-stvari.мк скенирани во оригинална форма *(препорачливо во pdf формат),* освен банкарската гаранција за сериозност на понудата која освен електронски задолжително се доставува и оригинал во писмена форма.
Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им се доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

## 5.РОК НА ТРАЕЊЕ НА ОБЈАВАТА

Оваа објава трае 12 (дванаесет) календарски денови и почнува да тече од денот на објавување и тоа од 29.12.2023 година и ќе трае заклучно со 09.01.2024 година до 24:00 часот.

## 6.РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Во согласност со член 25 став 2 и став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, и Службен весник на РСМ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Комисијата за спроведување постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Битола, определува рок за

поднесување на пријави кој не е пократок од 10 календарски дена ниту подолг од 30 календарски дена, сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријавите и тоа:

**Крајниот рок за поднесување на пријави за учество на електронското јавно наддавање е заклучно со 09.01.2024 година до 24:00 часот**

**Јавното електронско наддавање ќе се одржи на следната интернет страница www.e-stvari.mk**

**Јавното електронско наддавање ќе започне на ден 11.01.2024 година (четврток), со почеток во:**
**За позиција бр. 1 од табеларниот преглед од 09:00 часот**
**За позиција бр. 2 од табеларниот преглед од 09:30 часот**

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање со комплетната документација согласно со условите од оваа објава се доставуваат во електронска форма најдоцна до **09.01.2024 година до 24:00 часот** на интернет страницата www.e-stvari.mk.
Понудувачите се лично одговорни за уредно и навремено поднесување на пријавите до крајниот рок за поднесување на пријави. Секоја пријава која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на пријави ќе се смета како задоцнета и ќе биде одбиена, односно нема да биде предмет на понатамошно разгледување и понудувачот нема да може да учествува во постапката.

## 7.БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на електронското јавно наддавање за недвижноста предмет на закуп изнесува 2% од проценетата вредност на недвижната ствар и износот е утврден во табеларниот преглед даден во оваа објава.
Банкарската гаранција се доставува задолжително за секој објект кој е предмет на закуп.
**Времетраење на банкарската гаранција:** Банкарската гаранција треба да биде со времетраење од најмалку 60 дена сметано од крајниот рок за поднесување на пријави. Во случај на прекин/мирување на постапката, Општина Битола може да побара од понудувачот во определен рок да ја продолжи важноста на банкарската гаранција. Доколку понудувачот не ја продолжи важноста на банкарската гаранција неговата понуда/пријава ќе биде отфрлена како неприфатлива и несериозна, без разлика во која фаза на постапката се наоѓа понудувачот како учесник во постапката. Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонски денари од банка која што работи и врши банкарски активности во земјата.
Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку:
- избраниот најповолен понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор не ја уплати понудената последна цена на електронското јавно наддавање,
-избраниот најповолен понудувач нема да го склучи договорот за закуп,
-избраниот најповолен понудувач одбие или не достави нова банкарска гаранција со која го продолжува времетраењето на претходната гаранција доставена од понудувачот во постапката.
Во случај на наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари.
Секоја пријава/понуда што не содржи гаранција за сериозност на понудата или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите во објавата, ќе биде отфрлена и нема да учествува на електронското јавно наддавање.
Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на месечната закупнина постигната на јавното наддавање за еден месец однапред.

## 8. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на месечната закупнина и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на месечната закупнина. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на недвижната ствар се намалува за 2% од проценетата вредност по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно да ја зголемуваат цената на месечната закупнина без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување.

Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда.

Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, цената на месечната закупнина за недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.

Намалувањето на цената на месечната закупнина за недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по вторпат може да биде најмногу до 30%, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници, намалувањето на цената на месечната закупнина за недвижната ствар може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена на закупнина која претставува највисока цена за месечната закупнина за недвижната ствар.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за месечната закупнина за деловниот простор на сметка на Општина Битола, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договорот, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од 15 (петнаесет) работни дена по извршената уплата на цената за месечната закупнина на недвижните ствари, Градоначалникот на Општина Битола, склучува договор за закуп на недвижната ствар во писмена форма согласно со одредбите од Законот за облигациони односи кој особено треба да ги содржи основните елементи: страни на договорот, предмет на договорот, податоци за недвижната ствар која е предмет на закуп, обврска на понудувачот за плаќање на нотарските трошоци, обврска за плаќање на закупнина, права и обврски на договорните страни и сл. По склучување на договорот понудувачот, а подоцна во својство на закупец по склучениот договор во рок од 30 дена истиот го доставува кај Нотар заради вршење на солемнизација. Обврската за трошоци за солемнизација на Договорот паѓа на товар на закупопримачот.

Закупниот однос ќе започне од денот на записничко примопредавање на деловниот простор, а истиот ќе се предаде во владение на закупецот по неговото испразнување од страна на досегашниот закупец.
**Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката на јавното наддавање е должен да ги уплати средства на Трезорска сметка 100-0000000630-95, Банка на примачот НБРСМ, уплатна сметка 840-103-06553, приходна шифра 723914 програма 00,** во согласност со постигнатата крајна цена за месечната закупнина а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните ствари.

Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката за јавното електронско наддавање, во рок од 3 (три) дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од 5 (пет) дена од приемот на приговорот.
Против решението донесено од Комисијата, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Детални информации поврзани за постапката и предметот на закуп можат да се добијат кај членовите на комисија за спроведување постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Битола, телефон: 047/208-312.

**Општина Битола**
**Комисија за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Битола**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 36, член 37, член 38 и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15,..., и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање во закуп со надоместок на недвижни ствари сопственост на Општина Битола со електронско јавно наддавање

### Член 1

Со овaa Одлука на Советот на Општина Битола се даваат во закуп недвижните ствари сопственост на Општина Битола и тоа:

- недвижна ствар запишана во ИЛ бр.92301 за КО Битола 1/2, лоцирана на КП бр.17595/1, м.в.Хераклеа, бр. на зграда 49, влез 1, кат ПР, со површина од 2608 м2;
- недвижна ствар запишана во ИЛ бр.92301 за КО Битола 1/2, лоцирана на КП бр.17595/1, м.в.Хераклеа, бр. на зграда 50, влез 1, со површина од 1440 м2; и
- недвижна ствар запишана во ИЛ бр.42714 за КО Битола 4, лоцирана на КП бр.7347, ул."К.Дандаро"бр.22, објект бр.1, влез 1, кат ПР со површина од 222 м2.

Објектите да се издадат за период не подолг од 10 години.

Надоместокот за закупнина на недвижните ствари што се даваат во закуп изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар и истата претставува почетна цена во постапката за електронско јавно наддавање.

Обврска на идните закупопримачи е да ги реновираат предметните објекти.

### Член 2

Се овластува градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектите од член 1 на оваа Одлука.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-160/49
21.12.2023 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 14. 11. 2025

| Орг.Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 16415 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

14.11.2025 год.

**До**

**Одделение за административни и општи работи**

**Предмет** : Одговор на Барање за пристап до информации од јавен каратер

**Врска** : Ваш број 11-164/3 од 13.11.2025 год.

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен каратер заведено под Ваш број 11-164/3 од 13.11.2025 год., Ве известуваме дека со увид во електронскиот систем „е-Дозволи„ утврдено е дека Општина Битола има издадено Решение за реконструкција и адаптација на постоечки објект со деловна намена на КП бр.17595/1 КО Битола ½, заведен под наш број УП 1 бр.30-1952/2025 на правното лице „КИТ-ГО„ Дооел Скопје ул.МК Бригада 11„ бр.1/1-Бутел, Скопје.

Изработил:
Елена Д.Чагоровска-дипл.правник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА • 11

**Раководител на Одделение**
Христијан Атанасовски, дипл.инж.арх

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-164/6
19.11.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **31.10.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-164/2025** од **31.10.2025 година**, во врска со информации за договор или меморадум склучен помеѓу Општина Битола и компанизата „Кит-Го Маркет'' за користење на објектот во месноста касарната во Битола, сите официјални документи, одлуки и одобренија, извештаи од инспекции или контроли поврзани со објектот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барател[redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-164/2025 на ден 31.10.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со информации за договор или меморадум склучен помеѓу Општина Битола и компанизата „Кит-Го Маркет'' за користење на објектот во месноста касарната во Битола, сите официјални документи, одлуки и одобренија, извештаи од инспекции или контроли поврзани со објектот.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-164/1 од 31.10.2025.
2. Допис до одделение за имот и имотно правни работи со бр.11-164/2 од 13.11.2025
3. Допис до одделение за урбанистички планови со бр.11-164/3 од 13.11.2025
4. Одговор од одделение за имот и имотно правни работи со бр.11-164/4 од 14.11.2025
5. Одговор од одделение за урбанистички работи со бр.11-164/5 од 14.11.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 19.11.2025 година, под бр. 11-164/6.

**Службено лице за посредув ање при остварување на**
**правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА